Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
Детска градинка РАДА ПОЦЕВА
Бр. 05-3594
09.10. 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Друштво за трговија, услуги и производство
МИСТ-СИСТЕМИ ДООЕЛ
Бр. 05-2024/6
09.10. 2024 год.
КАВАДАРЦИ

**ДОГОВОР за услуги на сервисен преглед и контролно испитување на противпожарни апарати и хидранти**

Склучен на ден 09.10.2024 година, помеѓу :

Помеѓу следниве

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**:

1.**JОУДГ„Рада Поцева“ Кавадарци** , со седиште на ул. “Браќа Ѓунови” бр.11 а Кавадарци, застапувано од Директорот Цана Добринова, во натамошниот текст корисникот, од една страна и

**2. Мист - Системи ДООЕЛ- Кавадарци,** Адреса:„Едвард Кардељ“ бр.13, Кавадарци, претставувано од одговорното лице Киро Златев со даночен број 4011990101430 во понатамошниот текст давател на услугата.

***ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ***

***Член 1***

Предмет на овој Договор е набавка на услуга - сервисен преглед,контролно испитување и полнење на противпожарни апарати и хидранти во ЈОУДГ„ Рада Поцева“ Кавадарци (во продолжение на текстот: услуга).

***ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

**Член 2**

Услугата ќе се одвива според определената динамика која ја налага Законот за заштита од пожари и е во времетраење од една година.

**ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ :**

**Член 3**

Цената на услугата изнесува 50.315,00 денари без ДДВ односно 11.045.00 денари ДДВ или севкупно 61.360,00 денари со ДДВ.

Давателот на услугата фактурирањето ќе го врши во зависност од видот на услугата. Корисникот на услугите на кои се предмет на овој договор се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 дена по добиена фактура.

**ГАРАНЦИЈА**

**Член 4**

Давателот на услугата дава гаранција за исправно функционирање на опремата од 12 месеци. Гарантниот рок важи при правилно ракување со опремата согласно упатствата. Давателот на услугата се обврзува да обезбеди резервни делови за реализирање на услугата.

**Член 5**

Овој договор се потпишува во времетраење од една (1) година од денот на потпишувањето.

Сите измени  и дополненија на овој Договор мора да бидат во писмена форма усогласени и потпишани од двете страни.
Договорот стапува во сила со негово обострано потпишување и важи 1 (една) година,а доколку не дојде до писмено раскинување од страна на една од страните потписници на Договорот,важноста продолжува.
Договорот може да престане и за време додека трае извршувањето, доколку една од договорените странки не ги исполнува договорените обврски.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 6**

Корисникот на услугата и Давателот на услугата се договорија сите спорни моменти кои би произлегле од реализацијата на овој договор да ги решаваат спогодбено и доколку во тоа не успеат, надлежен ќе биде Основниот Суд Кавадарци.

**Член 7**

Договорот е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по 1 за секоја договорена страна.

**Корисник на услугата** | **Давател на услугата**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка „Рада Поцева" Кавадарци, Република Северна Македонија

Друштво за трговија, услуги и производство МИСТ-СИСТЕМИ ДООЕЛ Кавадарци